**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**Методија Ристоски**
за подрачјето на Основните судови на град Скопје
ул. "Луј Пастер" бр.23/003-кат ПР Скопје
Во Скопје, на 21.05.2026 година

------------------------------------------**З А П И С Н И К**------------------------------------------
----**за текот на Собранието на Акционерите на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**----
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, **Нотар Методија Ристоски**, од Скопје, со службено седиште на ул."Луј Пастер" бр.23/003-кат ПР, за подрачјето на основните судови на градот Скопје, потврдувам дека на ден 21.05.2026 година, на Барање на **Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје,** со писмена покана за учество во работа на редовно собрание, а врз основа на член 4 и 92 од Законот за нотаријат и член 407 а во врска со член 383 став 3 од ЗТД, присуствував на Седницата на **Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје,** со седиште на ул.Македонија бр.11-А Скопје-Центар, со ЕМБС 4064526, запишано во Централниот регистар на РСМ видно од Тековна состојба на правното лице издадена како електронски издаден документ под бр.0805-50/150020260207683 од 21.05.2026 година (**Прилог А**).----------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јавен повик за свикување на годишно собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е уредно објавен во средствата за јавно информирање на ден 17.04.2026 година и тоа во дневниот весник "Нова Македонија", кој во исечок е (**Прилог Б**) на овој Записник.--------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Собранието, присутните акционери како и овластените претставници и застапници на акционерите го потпишаа **Списокот на пријавени и верификувани акционери** за редовно Собрание на акционерите на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за ден 21.05.2026 г. (**Прилог В**).------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од извршен увид во Акционерска книга од 20.05.2026 година, вкупниот број на акции на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје изнесува **161.540 обични акции.** --------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието на акционерите се одржа во просториите во седиштето на друштвото и истата **започна во 12:00 часот**. ------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје ја отвори **Г-ѓа Елена Спиреска-Кочевска,** со живеалиште во Скопје на ул.Руди Чајавец бр.11/1-69, која ги поздрави присутните акционери и застапници на акционерите и им посака успешна работа на Собранието. Претседавачот уште на почетокот истакна дека сака да укаже на обврската од член 31 од Статутот на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за потребниот кворум за работа на Собранието. Дека Собранието може да работи (да има кворум) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.----------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од вкупен број на акциите на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје кои изнесуваат 161.540, обични сопствени акции се 16.000, односно вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас изнесуваат 145.540 акции.-----------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Воедно истакна и дека списокот на акционери им бил достапен и сите имале можност да го верификуваат своето присуство. Од увидот на овој список, се констатира дека на Собранието се присутни 2 акционери или нивни полномошници.----------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На Собранието присутни се 2 акционери-Фершпед АД Скопје застапуван од полномошник Елена Спиреска-Кочевска има 93.586 акции со право на глас и акционерот Миланка Јанакиевска лично присутна е со 5 акции со право на глас со што на собранието се претставени вкупно 93.591 акции, со што се исполнети законските обврски и собранието може полноправно да одлучува.---------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Досегашниот претседавач на Собранието истакна дека во процедуралниот дел на Собранието, најнапред потребно е да се избере Претседавач на оваа седница на Собранието. Имајќи предвид дека Претседавачот се бира од редот на акционерите и истиот не може да биде член на орган на управување на друштвото, ги замоли присутните да ги дадат своите предлози за Претседавач на Собранието.-------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на присутните учесници за Претседавач беше предложена Елена Спиреска-Кочевска.----
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот праша дали има други предлози по првата ставка од оваа точка од Дневниот ред, откако констатираше дека нема други предлози, го стави предлогот на гласање.----------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

После гласањето, претседавачот констатираше дека Собранието со:---------------------------------------
**- 93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,------------
- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,--------------------------------------------------------------------------------------------
**ја избра** Г-ѓа Елена Спиреска-Кочевска **за Претседавач на Собранието**.--------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието констатира дека истата е избрана за Претседавач со мандат до наредната седница и се заблагодари за изборот и предложи да се продолжи понатаму.-----------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако Претседавачот на Собранието го зазема своето место, Собранието ја продолжи својата работа.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието извести дека за денешната седница согласно Законот за трговски друштва, Записникот го води Нотар, односно Записникот од оваа седница на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје ќе го води **Нотар Методија Ристоски** од Скопје.--------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието истакна дека Повикот до акционерите за одржување на Собранието на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје бил објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 17.04.2026 година. Материјалите од точките на дневниот ред, заедно со предлог одлуките и обрасците за гласање биле достапни на увид и разгледување на сите акционери согласно член 388-б од ЗТД и биле објавени и на веб страницата на друштвото и на СЕИ НЕТ апликацијата на Македонска берза.-----------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека согласно член 390 од Законот за трговски друштва и член 29 од Статутот на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, во законски предвидениот рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик во дневен весник, не се поднесени нови барања за

вклучување на нови точки во дневниот ред.-------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно гореспоменатото претседавачот констатира дека ќе се работи по предложениот:------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**----------------------------------------------------------------------------

1.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивните полномошници;------
2.Избор на претседавач со Собранието;----------------------------------------------------------------
3.Согласно член 383 став 3 од ЗТД записникот го води нотар;----------------------------------------
4.Одобрување на дневен ред по кој ќе работи собранието-----------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**--------------------------------------------------------------------------------

1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка за 2025 година, на финансиските извештаи за 2025 год. ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работа на Друштвото за 2025 година, со предлог одлуки за:-------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

- одобрување на годишната сметка;--------------------------------------------------------------------
- одобрување на финансиските извештаи за 2025 година ревидирани од овластен ревизор;-----
- одобрување на годишниот извештај за работа на друштвото за 2025 година;--------------------
- Распределба на добивката по годишна сметка за 2025 година;-------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Разгледување и одобрување на Консолидирана Годишна сметка за 2025 година, Консолидирани Финансиски извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година ревидирани од овластен ревизор, Годишен извештај за работењето на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година, со предлог одлуки за:-----------------------------------------

- Одобрување на Консолидирана Годишна сметка на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година; ---------------------------------------------------------------------------------
- Одобрување на Консолидирани Финансиски извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година, ревидирани од овластен ревизор;----------------------------
- Одобрување на Годишен извештај за работењето на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година;-----------------------------------------------------------------
  ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

3. Разгледување и одобрување на Годишен извештај од Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година, со Предлог Одлука:------------------------

- Одобрување на Годишен извештај од работата на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година;---------------------------------------------------------------------------------------------------

4. Разгледување и одобрување на Извештај на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управување на Друштвото за 2025 година, со Предлог Одлука за:----

- Одобрување на Извештај на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управување на Друштвото за 2025 година;---------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

5. Разгледување и одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори за начинот на водење на Друштвото ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2025 година, со Предлог Одлука за:-----------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

- Одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори за начинот на водење на Друштвото ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2025 година;-------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

6. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година и консолидиранаа годишна сметка и финансиските извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година, со предлог одлука за:------------------------------------------

- Избор на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година и консолидирана годишна сметка и финансиските извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година;------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако Претседавачот на Собранието констатираше дека нема пречки за започнување на работата на Собранието по веќе објавениот Дневен ред во Повикот, премина на работниот дел од дневниот ред.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка за 2025 година, на финансиските извештаи за 2025 год. ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работа на Друштвото за 2025 година.**---------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот укажа дека во прилог на оваа точка се ставени на разгледување и одобрување годишната сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото во 2025 година,--------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за одобрување Годишната сметка за 2025 година, на финансиските извештаи за 2025 год. ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работа на Друштвото за 2025 година. Потоа се пристапи кон гласање.-------------------------------------
По гласањето, Собранието со:--------------------------------------------------------------------------------
**- 93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,------------
- 0 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-----------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2025 година, на финансиските извештаи за 2025 год. ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работа на Друштвото за 2025 година, **СЕ УСВОЕНИ**, односно-----------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 став 1 т.2, 384 став 2 т.1,2, 476 став 4 и 482 од Законот за трговските друштва, Годишно Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за одобрување на Годишната сметка за 2025 година

1. Се одобрува годишната сметка на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година со следните остварени резултати од Билансот на успех за 2025 година:
- Приходи ........................................................................ 27.859.120,00 денари
- Расходи .......................................................................... 20.454.196,00 денари

- Добивка пред оданочување.................................... 7.404.924,00 денари
- Данок ………………………………………..........….. 743.402,00 денари
- Добивака за финансиската година…………… 6.661.522,00 денари

2. Податоците од годишната сметка од точка 1 на оваа Одлука се јавни и достапни за сите лица на начин и во постапка согласно Закон.

3. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

---

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 став 1 т.2, 384 став 2 т.1, 476 став 4 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување на финансиските извештаи за 2025 година ревидирани од овластен ревизор

1. Се одобруваат финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година ревидирани од овластен ревизор.

2. Податоците од финансиските извештаи се јавни и достапни за сите лица на начин и во постапка согласно Закон.

3. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 став 1 т.2, 384 став 2 т.1 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За одобрување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2025 година

1. Се одобрува Годишниот извештај за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година.

2. Извештајот од точка 1 на оваа Одлука е составен дел на Одлуката.

3. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е :
Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

Во прилог на оваа точка е ставена Предлог Одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2025 година. Се предлага добивката по оданочување по годишната сметка за 2025 година, во износ од 6.661.522,00 денари за покривање на загуби од минати години.----------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за деловната 2025 година. Потоа се пристапи кон гласање.-------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------------------
- **93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,--------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -----------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-----------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за распределба на добивката по годишна сметка за 2025 година беше усвоена, односно,----------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за распределба на добивката по годишната сметка за 2025 година

1. Добивката по одда" ночување по годишната сметка за 2025 година, во износ од 6.661.522,00 денари, се распределува за покривање на акумулираната загуба од претходните години.
2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е :
Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**2. Разгледување и одобрување на Консолидирана Годишна сметка за 2025 година, Консолидирани Финансиски извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година ревидирани од овластен ревизор, Годишен извештај за работењето на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година.**-----------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот укажа дека во прилог на оваа точка се ставени на Разгледување и одобрување на Консолидирана Годишна сметка за 2025 година, Консолидирани Финансиски извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година ревидирани од овластен ревизор, Годишен извештај за работењето на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за одобрување на Консолидирана Годишна сметка за 2025 година, Консолидирани Финансиски извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година ревидирани од овластен ревизор, Годишен извештај за работењето на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година. Потоа се пристапи кон гласање.-
По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------------
**- 93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,------------
- 0 гласови ПРОТИВ и --------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-----------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за Консолидирана Годишна сметка за 2025 година, Консолидирани Финансиски извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година ревидирани од овластен ревизор, Годишен извештај за работењето на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година **СЕ УСВОЕНИ**, односно------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

Врз основа на член 3 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среша и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 стсав 1 т.2, 384 став 2 т.1,2, 476 став 4 и 482 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на Консолидираната годишна сметка на група
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година

1. Се одобрува Консолидираната годишната сметка на група ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година, со следните остварени резултати:

Приходи............................................................ 28.454.150,00 денари
Расходи............................................................ .21.062.369,00 денари
Добивка пред оданочување............................. 7.391.781,00 денари
Данок .................................................................743.402,00 денари
Добивка за финансиска година...........................6.648.379,00 денари

2. Податоците од Конслидираната годишна сметка од член 1 на оваа Одлука се јавни и достапни за сите лица на начин и во постапка согласно Закон.
3. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 став 1 т.2, 384 став 2 т.1, 476 став 4 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на Консолидираните финансиски извештаи на
групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025
година ревидирани од овластен ревизор

1. Се одобруваат Консолидираните финансиски извештаи на групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година ревидирани од овластен ревизор.
2. Податоците од финансиските извештаи од член 1 на оваа Одлука се јавни и достапни за сите лица на начин и во постапка согласно Закон.
3. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 став 1 т.2 и 384 став 2 т.1 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на Годишниот извештај за работењето на групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година

1. Се одобрува Годишниот извештај за работењето на групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**3. Разгледување и одобрување на Годишен извештај од Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година**.---------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот укажа дека Согласно член 415-в став 4 од Законот за трговските друштва и член 55-б од Статутот, Одборот на директори е должен да го достави Годишен извештај од Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година.--------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за одобрување на Годишен извештај од Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година. Потоа се пристапи кон гласање. ---------------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:-------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**- 93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-----------
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,----------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлуката за Годишен извештај од Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година беше усвоена, односно,-----
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

Врз основа на член 415-в став 4 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на Акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на Годишниот извештај од работата на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година

1. Се одобрува Годишниот извештај од работата на Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година.

2. Извештајот од точка 1 на оваа Одлука е составен дел на Одлуката.

3. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**4. Разгледување и одобрување на Извештај на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управување на Друштвото за 2025 година.**-----------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно член 480 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, Неизвршните членови на Одборот на директори му поднесуваат на Собранието писмен извештај за резултатите од контролата. Во извештајот неизвршните членови на Одборот на директори го соопштуваат начинот на којшто извршиле контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за време на претходната деловна година. Во извештајот се изјаснуваат и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот независен ревизор. ----------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за одобрување на Извештај на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управување на Друштвото за 2025 година. Потоа се пристапи кон гласање.--------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:-----------------------------------------------------------------------------------
**- 93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,------------
- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за одобрување на Извештај на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управување на Друштвото за 2025 година **беше усвоена**, односно,----------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, а во согласност со член 383 став 1 т.4, 384 став 2 т.3, став 5 од Законот за трговските друштва Годишното Собрание на акционери на Друштвото на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на Извештајот на Неизвршните членови на Одборот на директор за резултатите од контролата над управување со Друштвото за 2025 година

1. Се одобрува Извештајот поднесен од Неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2025 година.

2. Извештајот од точка 1 од оваа Одлука е составен дел на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**5. Разгледување и одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори за начинот на водење на Друштвото ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2025 година**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот укажа дека согласно член 383 став 1 точка 4 од Законот за трговските друштва во надлежност на Собранието е да ја одобри работата и водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори. Согласно член 384 став 5 од Законот за трговските друштва за одобрувањето на работата на членовите на Одборот на директори се гласа одделно за секој член на Одборот.---------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи на поединечно гласање за секој член на Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје.----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Одобрувањето на работата на Драган Наков-Неизвршниот независен член и Претседател на Одбор на директори,--------------------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------------
- **93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување -------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,------------------------------------------------------------------------------------
го одобри работењето на Г-дин Драган Наков.--------------------------------------------------------------
Одобрувањето на работата на Мирјана Настовска-Митрова- Генерален извршен директор-Извршен член на Одбор на директори,-----------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------------
- **93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување -------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,------------------------------------------------------------------------------------

го одобри работењето на Г-ѓа Мирјана Настовска-Митрова.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Одобрувањето на работата на Штерјо Наков-Неизвршен член на Одбор на директори и -------------
По гласањето, Собранието со:-------------------------------------------------------------------------------------
- **93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување -------------
- 0 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-----------------------------------------------------------------------------------------
- го одобри работењето на Г-дин Штерјо Наков.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Одобрувањето на работата на Тодор Сејзов-Неизвршен член на Одборот на директори-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:-------------------------------------------------------------------------------------
- **93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување -------------
- 0 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-----------------------------------------------------------------------------------------
го одобри работењето на Г-дин Тодор Сејзов.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлуката за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори беше усвоена, односно,-------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 32 од Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, а согласно член 383 став 1 т.4, 384 став 2 т.3 и став 5 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на работењето на членовите на
Одборот на директори за начинот на водење на друштвото ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година

1. Се одобрува работата на секој член поединечно од Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година во состав:

Драган Наков – неизвршен, независен член - Претседател
Мирјана Настовска – Митрова Генерален извршен директор - извршен член
Штерјо Наков - неизвршен член
Тодор Сејзов - неизвршен член

2. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е :

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

**6. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година и консолидирана годишна сметка и финансиските извештаи на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година**-----------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот укажа дека согласно член 479 став 2 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери избира овластено ревизорско друштво за вршење на ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година. Во прилог на оваа точка достапна е и Предлог Одлуката од Одборот на Директори кој предлага да се назначи ревизорското друштво ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје да ја изврши ревизијата на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година со оглед дека има доставено најповолна понуда.-----------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година. Потоа се пристапи кон гласање.-----------------------------------------------------
По гласањето, Собаранието со:-----------------------------------------------------------------------------------
**- 93.591 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-----------
- 0 гласови ПРОТИВ и -----------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2025 година беше усвоена, односно,-----------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член член 34 од Статутот на Лотарија на Македонија АД Скопје, а во согласност со 383 став 1 т.8, 478, 479 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на ден 21.05.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на овластен ревизор за 2026 година

1. Се овластува ревизорската куќа ПЕЦЕВ Ревизија ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7408650 со седиште на Ул. Дрезденска бр.52 Скопје, да врши ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година, и Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи во групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година.
2. Овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука врши ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година, и Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи во групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2026 година и подготвува Извештај за извршената ревизија според Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија.
3. Се овластува Генералниот извршен директор на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје да го потпише Договорот со овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е :

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.444/26**

| |
|---|
| Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 21.05.2026 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот. |

По разработување на точките од Дневниот ред, Претседавачот на Собранието ја затвори седницата на Собранието во 13:00 часот.--------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој Записник лично го составив, го следев целокупниот тек на Седницата на Собранието и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на Седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување одлуки.----------------------------------------------
Потврдувам дека овој Записник лично го составив на 14 страни, на 14 листа. По составување на нотарскиот акт издадени се примероци за потребите на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, а изворникот останува во архивата на нотарот.-------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Претседавачот на седницата на Собранието лично го потпиша Записникот од Собранието.--------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавач на Собранието Елена Спиреска-Кочевска ------------------------------------------------------

________________________________________с.р.--------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка во износ од 500,00 денари е уплатена.------------------------------------------
Нотарската награда, согласно член 41 и 54 од НТ е пресметана во износ од 12.000,00 денари и материјален трошок во износ од 1.260,00 денари по член 52 од НТ.------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје, на 21.05.2026 година-------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**Методија Ристоски**